## БИОГРАФИЈА

Проф. д-р Зоран Пејковски е македонски драмски писател, драматург, поет, сценарист, прозаист, театролог, публицист и единствен натуралист во македонската литература. (Значи, она што Емил Зола, Ги де Мопасан, Пол Алексис, Анри Сеар, Леон Еник се за француската литература, Антон Павлович - Чехов, како творец на лирската драма, за руската литература, Хенрик Ибзен и Стринберг за скандинавската литература, па А. Холц и Г. Хауптман за германската литература, тоа е и Пејковски, како македонски писател во македонската литература).

Тој е професор од областа Драматургија на Факултетот за театарски уметности при Интернационалниот универзитет „Европа Прима“ од Скопје и доктор по Културолошки студии на Институтот за македонска литература при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“-Скопје. Автор е на 23 драмски дела, на 21 збирка песни, на 6 поеми (или вкупно 27 поетски книги) на 6 сценско - драмски рецитали, на 4 научно-истражувачки книги од театрологијата, на 3 публицискички книги, на 1 роман, на 1 препев, и на над 50 дела од областа на научната мисла, литературната критика, и на рецензии за книжевни и театарски изведби. Неговите книжевни дела преведени и препеани се на повеќе странски јазици: англиски, француски, романски, полски, украински, српски, хрватски, бугарски, црногорски, грчки, итн. Занимавајќи се со драмското творештво уште од 1987 година, тој драмската приказна ја гради како фреска врз карактерите на ликовите со психолошки профил, а од 2014 година работи на историско-документаристичка драмска форма создавајќи го најтешкиот облик во драматургијата, а тоа се: драмата во стих и драмскиот ораториум, посветувајќи се на театарот како место за подучување, а не за забава.

Инаку, проф. д-р Зоран Пејковски, член е на Друштвото на писателите на Македонија од 1995 година, член е на Македонското научно друштво, а во 2016 година се стекнува со титулата Почесен амбасадор на мирот од институцијата Светски амбасадори на мирот (Universelle des Ambassadeurs de la Paix, Suisse/France). Во 2017 година се стекнува со титулата академик на Чувашката народна академија на науките и уметностите, а во 2018 година се стекнува со титулата Европски писател на поезијата и уметноста, која ја доделува Номинациската комора за награди од Брисел при Европската Унија.

Меѓудругото предавал „Историја на светска драма“ од Силвио Д' Амико, „Драматургија“, „Драмата во стих во македонскиот театар“, „Патиштата на дијалогот во театарот преку Константин Сергеевич Станиславски и Бертолд Брехт“, а своевремено бил и асистент на Претседателот на Интернационалниот универзитет „Еуропа Прима“ - Скопје, Јордан Плевнеш.

За својот книжевно - драмски - прозен и поетски опус, проф. д-р Зоран Пејковски има добиено повеќе награди и признанија, меѓу кои: **„За серија информации во популаризација на книгата“ на Културно - просветната заедница на Македонија, во 1992 година**; **наградата „Празник на липите“**, во 2012 година, која ја доделува Друштвото на писателите на Македонија, во 2014 година ја добива наградата **„Медијала“** на „Македонија презент“ за збирката песни „Сега знам“, како и **наградата „4-ти Ноември“ на Општина Битола**, за книжевност и литература, за 2014 година, за драмскиот текст „Сите наши кодоши“ и збирката песни „Сега знам“. Во 2016 година ја добива **наградата „Јован Котевски“** за збирката песни „Златна прашина“, а истата 2016 година ја добива и

**наградата „ЕРГО СУМ“ за популаризација и афирмација на театарскиот израз**, како и **наградата „Прозни мајстори“** за романот „Градот на Јужното Море“. При крајот на 2016 година од НУУБ „Св. Климент Охридски“ од Битола ја добива **наградата „Св. Климент Охридски“ за придонес во литературата и културата**. Во 2017 година ја добива престижната **награда „Григор Прличев“** за најдобра необјавена поема на македонски јазик, за поемата „Македонски Стар и Нов Завет“, како и **Признанието за најдобар автор претставен пред велешката публика**. Во 2018 година за збирката песни „Здивот на смртта“, ја добива **наградата „Орфеј“** од Издавачката куќа „Феникс“ од Скопје, а во 2019 година ја добива **наградата „Книжевен круг за поезија“** за збирката песни „Востаничка правда“. Во 2020 година ја добива и престижната **награда „Ванчо Николески“ за најдобра книга за деца и млади во 2019 година**, за пиесата за деца „Мали детски разговори“ што ја доделува Друштвото на писателите на Македонија, потоа во 2020 година ја добива наградата **„Празник на липите“**, што ја доделува Друштвото на писателите на Македонија на Меѓународна книжевна манифестација, како и **наградата „Кристална коцка“** по повод 60 години од постоењето на Македонското научно друштво од Битола. Тој ја добива и **наградата „Антев златник“** за збирката песни „Остров во окото“, а наградата му ја додели Меѓународната поетско-културна манифестација „Анте Поповски - Антево перо“. Во 2022 година во чест на големиот лиричар и класик на современата македонска поезија Ацо Шопов, а по повод 40-годишнината од неговата смрт од НУ Центар за култура „Ацо Шопов“ од Штип го добива **Призанието за афирмација и популаризација на ликот и делото на Ацо Шопов.** Во 2023 година ја добива и престижната **награда „Ацо Шопов“ за најдобра книга поезија за 2022 година**, за збирката песни „Убавите жени“, што претставува највисоко поетско признание што го доделува Друштвото на писателите на Македонија, како и **интернационалната Голема повелба „Балканот-Срцето на Европа 2023“.** Во 2024 година, Националната установа Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“ - Битола му ја доделува **Наградата „Роднокраен автор за 2023 година за ДРАМА“**. Исто така во 2024 година, на 22-от Интернационален театарски фестивал „Актерот на Европа“, ја добива **наградата за НАЈДОБАР ДРАМСКИ ТЕКСТ**, за драмскиот ораториум „Ваташа“. Воедно во 2024 година, проф.д-р Зоран Пејковски, ја добива **наградата „ЕРГО СУМ за 2024 година“** за театарска критика и драма, за особен придонес во драмското творештво и афирмација на критичкото делување, особено затоа што тој во последните 10 години се занимава со историска драма претставувајќи ја во Македонија, драмската форма-драмски ораториум и драма во стих, но и како театарски критичар кој со хирушки рез прави анализа на театарските претстави, така што ја открива квинтесенцијата на театарската уметност преку умешно издвоени сценски изрази.

Воедно проф. д-р Зоран Пејковски е добитник и на меѓународни награди и признанија. Така на пример тој во 2016 година, од институцијата **Universelle des Ambassadeurs de la Paix, Suisse/ France,** назначен е за почесен амбасадор на мирот. Оваа титула му е доделена од Швајцарија и Франција, а таа им се доделува на големи книжевни и уметнички имиња кои ја презентираат литературата од земјата од каде што потекнуваат во европски и светски рамки, но и за нивен придонес за човештвото во Европа и светот, со која титула овие две држави сметаат дека ја донел македонската литература на европските и светските меридијани. Воедно истата 2016 година тој станува и почесен член на Сојузот на независните бугарски писатели.

Исто така, проф. д-р Зоран Пејковски во текот на 2017 година примен е за редовен член на Друштвото на светските поети „Поетас дел мундо“ -**„Poetas delmundo“**, со седиште во Чиле. На 25-ти март 2017 година проф. д-р Зоран Пејковски од претседателот на Чувашката народна академија, академикот Е.Е Ерагин ја добива Меѓународната награда - **Почесен сребрен медал „Елтебер“** за исклучителен придонес, а на 27-ми мај 2017 година **прогласен е за академик како редовен член**. На 18-ти декември 2017 година, претседателот на Сојузот на независните писатели на Бугарија, академик Марин Кадиев, му го доделува **Почесниот златен медал**, еден од највисоките награди и признанија за придонес во развојот на литературата и **Уверението**, со кое се потврдува дека тој е добитник на највисоката награда. Веднаш потоа проф. д-р Зоран Пејковски избран е и за редовен член на Хрватското книжевно друштво.

Што се однесува до 2018 година, на 18-ти јануари тој уште еднаш е прогласен со научното звање Чувашки народен академик, како почесен народен академик на Чувашката народна академија, со што тој, всушност, е прогласен два пати за академик. На 25-ти мај 2018 година, проф. д-р Зоран Пејковски ја добива **меѓународната книжевна награда „Петар Канавелиќ“**, која му ја доделува Хрватското книжевно друштво, а некаде во септември 2018 година ја добива и **меѓународната книжевна награда за литература „Klemensa Janickiego“** од Полска. Истиот месец му се доделува и наградата **Европски медал за поезија и уметност „Хомер“** која ја доделува **Номинациската комора за награди од Брисел при Европската Унија**. Со која, всушност, се добива титулата Европски писател на поезијата и уметноста, која досега не ја добил ниту еден македонски писател.

Исто така, на 8-ми септември 2018 година, Министерството за култура на Република Украина му ја доделува **Грамотата**, односно Наградата од Украинскиот фонд за култура од Киев со што му е доделен и **Медалот** на оваа висока меѓународна награда. Потоа, на 24-ти септември, примен е за почесен член на Сојузот на писателите на Република Украина, кој го наградува со **Грамота - Награда за литературна критика и посебен придонес во светската литература**, а пак на 25-ти септември токму од овој Сојуз на писателите на Република Украина го добива и златниот медал **„Почесна видзнака“**. На 28-ми септември од Сојузот на независните бугарски писатели, проф. д-р Зоран Пејковски добива две меѓународни награди **„Радко Радков“**. Првата ја добива за **исклучителен придонес во светската поезија**, а со **втората награда „Радко Радков“ тој е прогласен за Витез на литературата за исклучителен придонес во светската поезија**, овие две награди му се доделени од академикот Марин Кадиев, а пак на 24.05.2019 година ја добива и **почесната плакета „Св.Св. Кирил и Методиј“ за високи литературни достигнувања во областа на театарот и драмата**, која исто така му ја доделува академикот Марин Кадиев.

Во 2022 година ја добива светската книжевна награда **„Naji Naaman Merit Prize 2022 (Lebanon)“ - Creativity prizes (награда за креативност)**, а во 2024 година, проф. д-р Зоран Пејковски од Хрватското книжевно друштво Задар ја добива **меѓународната книжевна награда „Горан Бујиќ“**.